РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх.бр. 02-1467/4
Дата 27.08.2026год.

Врз основа на член 57 точка 22 од Статут на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје (Унив. гласник бр. 443/2019год), член 324 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Унив.гласник бр. 425 од 28.06.2019год.), а согласно член 175 став 1, точка 6 од Законот за високо образование (Сл.весник бр.82 од 08.05.2018год. и сите последователни измени), член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018), Наставно-научниот совет на Факултетот на својата редовна седница одржана на 27.08.2026год., ја донесе следната

О Д Л У К А

1. м-р Димитар Китановски се реизбира во звањето асистент во наставно-научната област Компјутерско инженерство, информатика и роботика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, согласно оцената во рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ бр. 1357 од 15.07.2026 год.(стр.471-475).
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

На конкурсот објавен на 29.06.2026год. во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ за избор на асистент во наставно-научната област Компјутерско инженерство, информатика и роботика, се пријави кандидатот м-р Димитар Китановски, кој во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот, Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на горе изнесеното одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до: архива, именуваниот/та, сметководство, персонално досие

Декан
Вон.проф. д-р Петре Ламески

Изработил: м-р Валентина Трајанова, Рак.на Оделение за правни и општи работи
Одобрил: м-р Игор Цветановски, Секретар